ѕвно претпријатие за берзанско работење
ndërmarja Publike për shkëmbim të mallrave
АГРО- БЕРЗА AGRO-BURSA
Бр.-Nr. 11154 111/2019
19.11 2019 год.-viti
Скопје-Shkup

Друштво за трговија и услуги
ЗОТОКС ДООЕЛ
Бр. 03-07/263
19.11 2019 год.
Скопје

# ДОГОВОР

**за извршување на услуга:**

склучен на ден 19.11.2019 година, во Скопје, помеѓу:

1. **ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА БЕРЗАНСКО РАБОТЕЊЕ "АГРО-БЕРЗА"-Скопје,** со адреса: Аминта Трети бр.2 - Скопје, Р. Македонија, застапувано од директорот Ниметула Рамадани (во понатамошниот текст **Договорен орган - Набавувач**) од една страна,

и

2. **ДТУ ЗОТОКС ДООЕЛ Скопје,** со адреса:ул.Ботун бр 31а, Скопје, Р.Македонија, застапуван(о) од извршен директор Зоран Зафировски (во понатамошниот текст Носител на набавката - **Добавувач**) од друга страна.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој Договор е уредувањето на правата и обврските помеѓу ЈП АГРО-БЕРЗА Скопје, од една страна како Договорен орган и ДТУ ЗОТОКС ДООЕЛ од друга страна, како Носител на набавката, а кои произлегуваат од склучувањето на овој Договор за јавна набавка на услуга за фумигација на жито.

Договорот се склучува врз основа на прифатена понуда поднесена од Носителот на набавката по Огласот за јавна набавка број 11154/20019 и тендерската документација која е во негов прилог, објавен на веб-страницата на Бирото за јавни набавки и Одлуката за избор на најповолен понудувач број 11154/9/2019 од 18.11.2019 година, донесена од одговорното лице на Договорниот орган.

## II. ОПИС НА УСЛУГИТЕ

**Член 2**

Предмет на овој договор се следниве услуги: фумигација на жито

## III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Вкупната вредност на предметот на Договорот, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, изнесува 1.200.000,00 денари без ДДВ, односно 1.416.000,00 денари со вклучен ДДВ.

## IV. ВРЕМЕНСКА РАМКА НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Носителот на набавката е должен услугата која е предмет на договорот да ја изврши и испорача на следниов начин:
Фумигирањето ќе се врши во една смени од 08-16 часот, секој работен ден.
Ќе се фумигираат оние количини жито кои ќе бидат определени од страна на договорниот орган-набавувач. Договорниот орган-набавувач не се обврзува за фумигирање на

максималната количина на складирано жито. Договорот е за временски период од една година од денот на потпишување или до искористување на финансиските средства.

## VI. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

**Член 7**

При изготвувањето на фактурата, добавувачот е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Договорниот орган, место, седиште, даночен број
- број и датум на Договорот
- вкупна цена на фактурата;
- други зголемувања или намалувања, согласно со договорните услови (камати, пенали и сл.);
- пресметка за ДДВ;
- валута на плаќање.

## VII. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ, ЗАТЕЗНА КАМАТА ЗА ЗАДОЦНЕТО ПЛАЌАЊЕ

**Член 8**

Начин на плаќање е на три пати, по доставена фактура во текот додека трае процесот на фумигација. Последниот трет дел е по целосна реализација на еднократниот договор и достава на фактура. Денот на прием на фактурата во Архивата на договорниот орган се смета за ден на достава на фактурата.

## VIII. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

**Член 9**

Договорниот орган се обврзува на добавувачот да му ги обезбеди сите информации и неопходни податоци во врска со предметот на договорот за јавна набавка, за време на извршување на услугата.

**Член 10**

Добавувачот се обврзува:
- да му обезбеди на Договорниот орган непречено право на сопственост врз предметот на договорот за јавна набавка, по уредното извршување на услугата,
- во случај на наидување на препреки или несогласувања, за тоа да го извести Договорниот орган.

## IX. ВИША СИЛА

**Член 11**

Договорниот орган и Добавувачот се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор кои се предизвикани од виша сила.
Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Закон за Облигациони односи.
Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на Договорот.

## X. ОБЕШТЕТУВАЊЕ

**Член 12**

Добавувачот е должен на Набавувачот да му ја надомести штетата предизвикана поради неисправност или недостатоци на предметот на набавката согласно Законот за облигациони односи и Законот за заштита на потрошувачи.
Добавувачот е одговорен за квалитетот на извршената фумигација. За сите недостатоци и штети кои ќе настанат поради неквалитетно и ненавремено извршена фумигација се на товар и одговорност на добавувачот.

## XI. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 13**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.
Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена, спорот ќе се решава пред арбитражна комисија која ќе ја сочинуваат 3 (три) члена и тоа по 1 (еден) од двете договорни страни, а третиот член ќе го одберат заеднички од редот на арбитрите на Арбитражниот суд при Стопанска Комора на Република Македонија.

**Член 14**

Доколку Арбитражната Комисија не даде обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

## XII. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 15**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.
Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

## XIII. КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

**Член 16**

Договорните страни се согласни да ги применат највиските стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

**XIV. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН**

**Член 17**

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Македонија

**XV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 18**

Измени и дополни на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.
Договорот може да се менува со Анекс - Договор само во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и тендерската документација.

**Член 19**

Овој Договор е склучен во 4 (четири) истоветни примероци од кои по 2 (два) за Набавувачот и 2 (два) за Добавувачот.

**НАБАВУВАЧ,**
**ЈП АГРО БЕРЗА Скопје**

**Директор**

**Ниметула Рамадани**

**ДОБАВУВАЧ,**
**ДТУ ЗОТЕКС ДООЕЛ СКОПЈЕ**

**Директор**

**Зоран Зафировски**